# Сликата на Веле Ташовски

Tweet
Like 0 Share

24 август 2009 - 16:22

IN MEMORIAM

Веле Ташовски (1949-2009) почина во момент кога зад себе ја имаше изложбата во галеријата "Форум" во Загреб, а му претстоеше ретроспектива во Националната галерија во Скопје. Нашиот последен разговор пред изложбата беше непосреден и исполнет со сеќавања и разгледување на суштествените ликовни проблеми. Чувствував респект кон неговиот став за важноста на моралната одговорност и творечката доследност на уметникот.

Ташовски е роден во Осој, мијачко село на зографи, резбари и градители. По дипломирањето магистрира на истата Академија за ликовни уметности во Љубљана. Добиените поуки ќе бидат значајни за него, посебно од уметниците Г.Ступица, Ј.Берник и Б.Борчич, кои му дадоа значење на белото, на енформелот и на ликовниот знак. По дванаесет години престој, тој се враќа во Скопје, град во кој го завршува својот животен и творечки пат како професор на Факултетот за ликовни уметности. Во периодот меѓу 1985 и 1988 година создава серија цртежи од циклусот "Од природата" кои претставуваат имагинарни предели предадени во црно-бели, линеарни и валерски артикулирани односи. Тој строго и доследно ја гради формата без елементи на подражавање на визуелната страна на мотивот.



Во 1991 до 1993 година Ташовски своите слики ги насловува едноставно "Слика" со реден број до насловот. Сликата е составена од два слоја: на околу еден сантиметар од насликаното платно (со акрилни бои, пастел или молив) е оптегната проѕирна свила врз чија површина се распоредени колористички дамки и знаци со мали подгорени делови кои создаваат илузија на доближени планови на сликата. Мотивот на мрежа која фрла сугестивна сенка на долните планови на сликата е често присутен во сликите на Ташовски.
(Авторот се сеќавал на мрежата во зоолошката градина во паркот Тиволи во Љубљана).
Следи серија платна датирани меѓу 1992 и 1998 година во кои се дава посебно значење на илузионистичкиот простор на сликата. Формите во вториот план се "конструктивистички" или органски со меки форми на сфумато (Рихтер, Ротко) сугерирајќи флуидност на просторот и слободно обликување на формите. Растер на точки, кругчиња, квадрати, ромбоидни форми и ленти упатуваат на примери од системската и концептуална уметност, на геометриската апстракција и попартот. Прецизниот цртеж е во релација со материјализираниот орнамент (некаде со еротски импликации) како и со ефектите на иреализам кој со боените вредности (бела, сина, сива, топла умбра со сина итн) асоцира на елементи на природата: вода, воздух, небо, на "атмосфера" на урбан или природен амбиент кој трепери во широчината на просторот.
Во сликарскиот концептуализам на Ташовски нема место за случајни ефекти туку пред се смисла за ред, за контролиран потег и енергија на сликата. Објективизираната системска ликовна структура на сликата е синхрона и мирната субјектина креативност.
Во 2005 до 2007 година Ташовски слика големи платна во хоризонтална поставеност (насловени транспарентност и рефлексии) давајќи нагласка на сеопфатниот син тоналитет, на флуидните сугестии на растреперените елементи (налик на слики од некој научен експеримент). Даденис е сугестивни назнаки на празнината во сликата (еден нов вид на аналитички сфатен простор).
Веле Ташовски сликаше како што и живееше, повлечен во мир и тишина остварувајќи дело кое претставува посебен придонес во современата македонска уметност.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***



Like Share Sign Up to see what your friends like.

# Поврзани



[Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа]

